**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Славе Дончев**
**именуван за подрачјето на**
**Кочани,Берово,Делчево и Виница**
**ул. Маршал Тито бр.54/2**
**тел. 033 277-007**

**Образец бр.66**

**И.бр.1258/25**

Извршителот **Славе Дончев** од **Кочани** врз основа на барањето за спроведување на извршување од **доверителот Стопанска Банка АД Скопје преку полномошник Адвокат Игор Кукушев** со седиште на ул.11-ти Октомври бр.7, засновано на извршната исправа ОДУ бр.151/24 од 28.02.2024 на Нотар Славчо Алексов, против **должникот Сашко Соколовски од Виница** со живеалиште на с. Градец, за спроведување на извршување во вредност 139.606.782,00 ден., на ден 26.05.2026 година го донесува следниот:

# З А К Л У Ч О К
## ЗА ПРВА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА ПРВА продажба** со усно јавно наддавање на недвижноста означена како: Недвижен имот запишан во Имотен Лист бр. 85866 при АКН Виница за КО Виница со следните ознаки:

Лист В:

- Број на катастарска парцела 8519, дел 4, адреса БЕЛ КАМЕН 13 А, број на зграда/друг објект 1, намена на зграда преземена при конверзија на податоците од стариот ел. систем А2-2, влез 1, кат МА, број 25, намена на посебен/заеднички дел од зграда СТ, внатрешна површина 161 м2,
- Број на катастарска парцела 8519, дел 4, адреса БЕЛ КАМЕН 13 А, број на зграда/друг објект 1, намена на зграда преземена при конверзија на податоците од стариот ел. систем А2-2, влез 1, кат МА, број 25, намена на посебен/заеднички дел од зграда ПП, внатрешна површина 24 м2

сопственост на **третото лице Димитар Соколовски од Виница** со живеалиште на с. Градец, а претходно сопственост на **должникот Сашко Соколовски од Виница** со живеалиште на с. Градец.

Продажбата ќе се одржи на ден 11.06.2026 година во 14:00 часот во просториите на Извршител Славе Дончев со седиште на ул.,,Маршал Тито,,бр.54/2,Кочани.

**Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот И.бр. 1258/25 од 26.03.2026 година, изнесува 7.885.696,оо денари, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.**

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености: Нема.

Данокот на промет и други такси и трошоци кои ќе настанат по основ на купопродажбата и преносот на сопственоста паѓа на товар на купувачот. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 210068434840226 која се води кај НЛБ Банка АД Скопје и даночен број MK5013013503330.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Дневен Весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Славе Дончев

Д.-на: Должник
Доверител
Трето лице
Архива

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до надлежниот суд согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.